**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**Скопје, 2016 година**

Врз основа на член 17 став 7 до Законот за вработени во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014и 27/2016), член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011) Министерот за транспорт и врски донесе:

# ПРАВИЛНИК<br>ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА<br>НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува внатрешната организација на Министерството за транспорт и врски, видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организацисќите единици и начинот на работа на Министерството за транспорт и врски и на органите во состав на Министерството.

### Член 2

Организацијата на Министерството се утврдува на начин што обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите од делокругот на работа на Министерството за транспорт и врски, сервисна ориентираност кон граѓаните и правните лица, независност и одговорност при вршењето на службените задачи, соработка со други органи, приспособливост на организациските единици кон надлежноста на органот и кон потребите на граѓаните како и едноставност во хиерархиската поставеност на организациските единици.
При утврдувањето на внатрешната организација на Министерството се тргнува од неговата надлежност утврдена со закон, карактерот, обемот и степенот на сложеност на работите, нивната меѓусебна поврзаност и други услови за нивно ефикасно вршење.

### Член 3

Во Министерството за транспорт и врски се извршуваат следниве задачи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно - надзорни, информативно - документациони, информативно - комуникациски, стручно - оперативни, материјално -финансиски, инвестиционо - тековни, информатичко - технолошки, административно - технички и помошни работи.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**Член 4**

Работите и задачите во Министерството се вршат во организациски единици: сектори и независни одделенија.
Во состав на Министерството за транспорт и врски се следниве органи:

1. **Капетанија на пристаништата**
2. **Управа за сигурност во железничкиот систем**

Во Министерството за транспорт и врски се формираат следниве сектори:

1. **Сектор за патен сообраќај и инфраструктура**
2. **Сектор за железници**
3. **Сектор за стручна поддршка на министерот и односи со јавност**
4. **Сектор за општи работи**
5. **Сектор за финансиски прашања**
6. **Сектор за уредување на просторот**
7. **Сектор за документирање и управување со градежното земјиште**
8. **Сектор за нормативни и правни работи**
9. **Сектор за управно-надзорни работи**
10. **Сектор за станбено-комунални работи и инфраструктура**
11. **Сектор за воздухопловство**
12. **Сектор за Европска унија**
13. **Сектор за прекршоци**

Во Министерството за транспорт и врски се формираат следниве независни организациски единици и тоа:

1. **Одделение за внатрешна ревизија**
2. **Одделение за управување со човечки ресурси**
3. **Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење**

Како посебни работни места се утврдуваат кабинетските службеници и посебните советници на Министерот за транспорт и врски.
Составен дел на Правилникот за внатрешна организација на министерството е графичкиот приказ на внатрешната организацијата на органот (органограм)

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

### 1.СЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

**Член 5**

**Секторот за патен сообраќај и инфраструктура** ги врши работите кои се однесуваат на внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, и патната инфраструктура; уредување на односите на учесниците во патниот сообраќај; унапредување на транспортот; грижа за утврдување на стратегија во транспортната политика;организацијата, развојот и унапредувањето на поштенскиот сообраќај, следење на европската регулатива од областа за која е надлежен и предлагање решенија за вградување на европските директиви и регулативи во домашното законодавство.

Во состав на Секторот се формираат пет одделенија:

а)**Одделение за патна инфраструктура** врши работи и задачи од областа на патната инфраструктура; уредување на условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето и финансирањето на јавните патишта; издавање согласности за времено или трајно менување на режимот на сообраќајот на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта.

б) **Одделение за патнички сообраќај** врши работи и задачи што се однесуваат на развојот и унапредувањето на превозот на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај; издавање дозволи за вршење на одделен превоз; уредување на условите и начинот за вршење на превозот.

в)**Одделение за превоз на опасни материи** врши работи и задачи од областа на превозот на опасните материи, обуката за возачи за превоз на опасните материи; врши работи и задачи од областа на безбедноста во сообраќајот.

г)**Одделение за превоз на стоки во патниот сообраќај** врши работи и задачи што се однесуваат на развојот и унапредувањето на превозот на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај; уредување на условите и начинот за вршење на превозот; издавање лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај; распределба на дозволите за вршење на меѓународен превоз на стоки во патниот сообраќај.

д)**Одделение за поштенски сообраќај** врши работи кои се однесуваат на организацијата, развојот и унапредувањето на поштенскиот сообраќај; ги следи и проучува техничките стандарди и норми во поштенскиот сообраќај како и квалитетот во одвивањето на поштенскиот сообраќај; ги врши работите што се однесуваат на давањето на поштенски услуги; ги врши работите на Номенклатурата и Општите услови за вршење на поштенските услуги и филателијата.

## 2.СЕКТОР ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИ

### Член 6

**Секторот за железници** врши работи кои се однесуваат на уредување на областа на железничкиот систем, начинот и условите за обезбедување на услугите од јавен интерес и уредувањето на железничкиот превоз; развојот и унапредувањето на железничкиот сообраќај и инфраструктурата; надзор над законитоста на работата на управителот на инфраструктурата и превозниците, работи од областа на жичарите и ски-лифтовите (услови и начин на изградба, оддржување, управување и превоз на лица), следење на европската регулатива од областа за која е надлежен и предлагање решенија за вградување на европските директиви и регулативи во домашното законодавство.

Во секторот се формираат две одделенија:

**а)Одделение за железнички сообраќај** врши работи кои се однесуваат на уредување на начинот и условите за извршување на внатрешниот и меѓународниот железничкиот превоз на патници и стока; уредување на условите и начинот на вршење на превозот, начинот и условите за обезбедување на услугите од јавен интерес, издавање на дозвола за јавен превоз; превозот на опасни материи по железница, работи од областа на жичарите и ски-лифтовите.

**б)Одделение за железничка инфраструктура** врши работи кои се однесуваат на утврдување на условите за организирање и регулирање на железничкиот сообраќај; утврдување на условите за управувањето со железничката инфраструктура; изградбата, реконструкцијата и ремонтот, одржувањето и заштитата на железничката инфраструктура и безбедноста во железничкиот сообраќај.

## 3.СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДДРШКА НА МИНИСТЕРОТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### Член 7

**Секторот за стручна поддршка на министерот и односи со јавност** врши работи кои се однесуваат на координирање на работата на секторите; обединување на работите кои се извршуваат во секторите; врши работи поврзани со односите со јавност, ја организира меѓународната соработка на министерството; врши организација на обврските на министерот како член на Владата на Република Македонија; организира прием на делегации од земјата и странство; примање и распоредување на поштата која се однесува на министерот; организира конференции за медиумите.

Во состав на секторот се формираат три одделенија:

а) **Одделение за организација и поддршка на работата на министерот** врши работи кои се однесуваат на стручно-оперативни работи за потребите на министерот; стручно-аналитички работи; подготовка на материјали за седници на Владата, Генералниот колегиум и работните тела и групи; следење на работата на секторите; вршење на организациони работи за потребите на министерот, координација на активностите и стручна и логистичка поддршка во врска со подготвувањето и оддржувањето на колегиумот на министерството; следење на степенот и начинот на реализацијата на Заклучоците на Владата; соработува со министерствата и другите органи на државната управа во врска со материјалите и актите доставени за разгледување и донесување од страна на Владата; врши стручни работи кои произлегуваат од работата на другите органи и организации и организира објавување на актите на министерството во Службен весник на Република Македонија.
б) **Одделение за комуникација со јавност** врши работи кои се однесуваат на информирање на јавноста за активностите на министерството; организирање на конференции за медиумите односно известувања за јавноста; работи поврзани со слободен пристап до информациите од јавен карактер; работи поврзани со "Граѓански дневник"; уредување на веб-страницата на министерството; документациони работи; организира брифинзи и информативни кампањи во соработка со институции на Владата или со други надворешни соработници, институции и агенции; соопштенија за јавноста; издава билтени - информации за позначајни прашања од областите од надлежност на министерството.
в) **Одделение за меѓународна соработка** врши работи и задачи кои се однесуваат на унапредување на билатералната и меѓународната соработка во областите од надлежност на министерството; организирање на протокол.

## 4. СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ

### Член 8

**Секторот за општи работи** врши работи кои се утврдуваат како општи и заеднички работи за сите сектори и независни одделенија; работи кои се однесуваат на јавните набавки; грижа за движниот и недвижниот имот на на министерството; работи кои се однесуваат на управувањето со архивата на министерството и чување на архивскиот материјал на министерството и вршење на други помошни работи со цел за оптимално функционирање на министерството.

Во состав на секторот се формираат три одделенија:

а)**Одделение за јавни набавки** врши работи поврзани со подготовка на спроведување на постапките за доделување на јавни набавки; документирање на спроведувањето на постапките за доделување на договор за јавна набавка и оформување досие за секоја водена постапка.
б)**Одделение за општи работи и архива** врши работи кои се однесуваат на домаќинско располагање и одржување на движниот и недвижниот имот на министерството; архивското работење; водење на архивата на министерството; организациони работи и помошни работи за потребите на секторите во министерството.
в)**Одделение за одржување на информатички системи** врши организациони, методолошки и аналитички работи во областа на проектирањето на информациониот систем на министерството; врши подготовка, спроведување и следење на насоките за е-Влада; го следи развојот на нови информатички технологии и ги проучува потребите за воведување на нови информатички сервиси; се грижи за безбедноста и заштитата на информациониот систем; управува со техничката основа на информациониот систем.

## 5. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

### Член 9

**Секторот за финансиски прашања** врши работи кои се однесуваат на буџетската координација; буџетската контрола и финансиско-сметководственото работење.

Во состав на секторот се формираат три одделенија:

а) **Одделение за буџетска координација** врши координација на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола; изготвување на буџет и ребаланс на буџет; пренамени на финансиски средства; изработка на годишни, квартални и месечни финансиски планови; прегледи на реализирани средства по програми и ставки и врши самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;
б) **Одделение за буџетска контрола** врши контрола над извршувањето на буџетот; спроведува exante и expost финансиска контрола на исправноста на целокупната документација; и контрола на расположивоста на планираните средства пред превземањето на финансиските обврски;
в) **Одделение за сметководство и плаќање** ги врши работите кои се однесуваат на финансиско – материјално работење; сметководствена евиденција; пресметка на плата и работи кои се однесуваат на благајна;

# СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## Член 10

**Секторот за уредување на просторот** врши работи кои се однесуваат на уредување на условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање, односно изготвување на законска и подзаконска регулатива (стандардите и нормативите за уредување на просторот); стручна ревизија на урбанистичките планови; издавање согласности на предлог-урбанистичките планови;одобрување на урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација за градби од прва категорија.

Во состав на секторот се формираат четири одделенија:

а)**Одделение за уредување на просторот во урбана средина** врши работи и задачи од областа на стандардите и нормативите за планирање на просторот и проектирање на објекти во урбаната средина; следење на степенот на уредувањето на просторот и состојбата со покриеноста со урбанистички планови; предлага мерки за унапредување на процесот на изработка на урбанистички планови; врши соработка со локалната самоуправа по прашањата на урбанистичкото планирање;
б)**Одделение за уредување на просторот во рурална средина** врши работи и задачи од областа на стандардите и нормативите за планирање на просторот и проектирање на објекти во руралната средина; следење на степенот на уредувањето на просторот и состојбата со покриеноста со урбанистички планови; предлага мерки за подобрување на степенот на уреденоста на просторот во руралните средини; врши соработка со локалната самоуправа по прашањата на урбанистичкото планирање;
в) **Одделение за аналитика и евиденција на урбанистички планови и урбанистчко-планска документација и реализација на Годишна Програма за урбанистичко планирање финансирана од буџетот на РМ** врши работи и задачи што се однесуваaат на аналитика на урбанистички планови и следење на степенот на реализација на урбанистичките планови и урбанистичко планска документација;
г) **Одделение за одобрување на проекти за инфраструктура за линиски инфаструктурни објекти од прва категорија** врши работи кои се однесуваат на уредувањето на начинот на издавање на документација за одобрување на проекти за инфраструктура за линиски инфраструктурни објекти од прва категорија утврдени со Законот за градење.

## 7. СЕКТОР ЗА ДОКУМЕНТИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### Член 11

**Секторот за документирање и управување со градежното земјиште** врши работи кои се однесуваат на уредувањето на законската и подзаконската регулатива за условите на градењето,основните барања на градбата, правата и обврските на учесниците во изградбата, проектната документација, употребата и одржувањето и други прашања од значење за градењето како и за уредувањето на прашањата во поглед на градежното земјиште и спроведување на постапките за управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, како и следење и контрола на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Во состав на Секторот се формираат четири одделенија:

а) **Одделение за издавање на одобренија за градење и употреба на градби од инфраструктурата** врши работи кои се однесуваат на уредување на начинот и условите за издавање на документација за изградба на градби - издавање на одобренија за градење и одобренија за употреба за градби од инфраструктурата утврдени во Законот за градење како градби од прва категорија;
б) **Одделение за издавање на одобренија за градење и употреба на градби од високоградбата** врши работи кои се однесуваат на уредување на начинот и условите за издавање на документација за изградба на градби - издавање на одобренија за градење и одобренија за употреба за градби од високоградбата утврдени во Законот за градење како градби од прва категорија;
в) **Одделение за градежно земјиште** врши работи кои се однесуваат на документирање и управувањето со градежното земјиште, спроведување на постапки за отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба и по пат на јавно наддавање, како и спроведување постапки и други права и обврски кои се однесуваат на градежното земјиште, предвидени со Законот за градежно земјиште.
г) **Одделение за следење и контрола на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште,** врши следење и контрола на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје како и контрола на склучени договори за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп на градежното земјиште по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;

## СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНИ И ПРАВНИ РАБОТИ

**Член 12**

**Секторот за нормативни и правни работи** врши работи и задачи кои се однесуват на подготвување на законски и подзаконски акти од надлежност на министерството; дава стручни мислења за примена на закони, други прописи и општи акти; дава мислења на прописи подготвени од други органи и институции; ги следи и проучува односите и појавите од интерес за остварувањето на уставноста и законитоста во областите од надлежност на Министерството, ги следи судските спорови во кои како странка се јавува Министерството, изготвува мислења по конкретните судски предмети врз основа на докази и списи од надлежен Сектор, спроведува евиденција за степенот на реализација на судските предмети,врши работи и задачи кои се однесуваат на издавање и одземање на лиценци од областа на градење, издавање и одземање на лиценци од областа на просторно и урбанистичко планирање, издавање и одземање на лиценци за процена на недвижен имот и транспортни средства и издавање и одземање на дозволи за одржување на јавна чистота, води регистри за соодветните лиценци и дозволи, како и врши следење и контрола на стандардите и инструментите за управување со квалитет во Министерството за транспорт и врски, согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба.
Во состав на секторот се формираат четири одделенија:

а)**Одделение за нормативни и правни работи од областа на уредувањето на просторот и градежното земјиште** врши работи и задачи кои се однесуваат на правно-техничка обработка на закони и други прописи и општи акти што се подготвуваат од областа на уредувањето на просторот и градежното земјиште, подготвува стручно - правни мислења по закони и други прописи и општи акти од други органи, дава појаснувања за примената на законите, другите прописи и општите акти од областа на уредувањето на просторот, станбено - комуналните работи и градежното земјиште, ги следи и проучува појавите од интерес за уставноста и законитоста и за изградбата на законодавството во областите од делокругот на одделението,изготвува правни мислења по барање од секторите и независните одделенија во министерството и од други државни органи и институции, изготвува одговори по поднесени иницијативи за поведување на постапки пред Уставниот суд на Република Македонија, како и подготвува одговори по поднесени барања од Народниот правобранител на Република Македонија во координација и соработка со надлежниот сектор/независно одделение од министерството.

**б)Одделение за нормативни и правни работи од областа на сообраќајот, јавните патишта, станбено – комуналните работи и и инфраструктурата** врши работи и задачи кои се однесуваат на правно-техничка обработка на закони и други прописи и општи акти што се подготвуваат од областа на сообраќајот, јавните патишта и инфраструктурата,станбено - комуналните работи и инфраструктурата, подготвува стручно - правни мислења по закони и други прописи и општи акти од други органи, дава појаснувања за примената на законите, другите прописи и општите акти од областа на сообраќајот, јавните патишта и инфраструктурата, ги следи и проучува појавите од интерес за уставноста и законитоста и за изградбата на законодавството во областите од делокругот на одделението,изготвува правни мислења по барање од секторите и независните одделенија во министерството и од други државни органи и институции, изготвува одговори по поднесени иницијативи за поведување на постапки пред Уставниот суд на Република Македонија, како и подготвува одговори по поднесени барања од Народниот правобранител на Република Македонија во координација и соработка со надлежниот сектор/независно одделение од министерството.

**в)Одделение за следење на судските спорови** врши работи и задачи кои се однесуваат на стручно – техничката обработка на барањата за судските спорови, врши произнесување до Државното правобранителство на Република Македонија по судските спорови во координација и соработка со надлежниот сектор/независно одделение од министерството, изготвува мислења по конретните судски предмети врз основа на докази и списи од надлежен Сектор, го следи текот и постапката на судските спорови, реализира извештаи по судските предмети и врши целокупно следење на судските спорови во кој постои правен интерс за учество на Министерството и спроведува евиденција за степенот на реализација на судските предмети.

**г) Одделение за издавање и одземање на лиценци од областа на градење, просторно и урбанистичко планирање, процената и на дозволи за одржување на јавната чистота** врши работи и задачи кои се однесуваат на издавање и одземање на лиценци од областа на градење, издавање и одземање на лиценци од областа на просторно и урбанистичко планирање, издавање и одземање на лиценци за процена на недвижен имот и транспортни средства и издавање и одземање на дозволи за одржување на јавна чистота, врши работи од областа на стручно техничка обработка на барањата за издавање на лиценци од областа на градење, барањата за издавање на лиценци од областа на просторно и урбанистичко планирање, барањата за издавање на лиценци за процена на недвижен имот и транспортни средства, барањата за издавање на дозволи за одржување на јавна чистота, го следи исполнувањето на условите на добиените лиценци и дозволи по нивното издавање, водење на постапката за одземање на лиценци од областа на градење, од областа на просторно и урбанистичко планирање и процената и дозволи за одржување на јавната чистота,

води регистар на податоци за издавање, одземање и обновување на лиценци од областа на градење и од областа на просторно и урбанистичко планирање, регистар на податоци од областа на проценатa од надлежност на министерството и регистар на издадени дозволи за одржување на јавната чистота.

## 9. СЕКТОР ЗА УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

### Член 13

**Секторот за управно-надзорни работи** ги врши работите кои се однесуваат на решавање по жалби и поднесоци на физички и правни лица од областа на изведувањето на градби, утврдувањето правен статус на бесправно изградените објекти, градежното земјиште и акти од градоначалниците донесени во прв степен од надлежност на министерството;врши надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје при остварување на нивните надлежности од областа на превозот, јавните патишта, урбанистичкото и просторно планирање, изведувањето на градби, бесправно изградените објекти, комуналните работи и домувањето;

Во состав на Секторот се формираат две одделенија:

а) **Одделение за управни работи во втор степен** решава предмети по жалби и поднесоци на физички и правни лица од областа на изведувањето на градби, утврдувањето правен статус на бесправно изградените објекти, градежното земјиште и акти од градоначалниците донесени во прв степен од надлежност на министерството;

б) **Одделение за надзор над законитоста на работата на општината** ги врши работите на надзор над законитоста на работењето на органите на општината, органите на општините во градот Скопје и органите на Градот Скопје за работи од нивна надлежност, а кои се однесуваат на превозот, јавните патишта, урбанистичкото и просторно планирање, изведувањето на градби, бесправно изградените објекти, комуналните работи и домувањето;

## 10. СЕКТОР ЗА СТАНБЕНО-КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

### Член 14

**Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура** врши работи кои се однесуваат на станбените и комуналните работи, соодветната инфраструктура; имплементација на проектите од областа на станбените, комуналните работи и инфраструктурата;

Во состав на Секторот се формираат три одделенија:

а)**Одделение за станбени работи** врши работи и задачи што се однесуваат на домувањето; уредување на односите во домувањето; подготвување програми, прибирање податоци и изработување на стратегија и анализи од областа на станбената проблематика;
б)**Одделение за комунални работи и инфраструктура** врши работи и задачи што се однесуваат на уредување на условите и начинот на вршење на комуналните дејности;прибирање на податоци и формирање катастар на податоци од дејноста; изготвува анализи и информации за состојбите во комуналната област и соодветната инфраструктура.
в) **Одделение за имплементација на проекти**, врши работи и задачи што се однесуваат на имплементација на одредени проекти од станбената област, од комуналната област и соодветна комунална инфраструктура; изготвува анализи и информации за состојбите во комуналната област и соодветната инфраструктура.

## 11.СЕКТОР ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

### Член 15

Секторот за воздухопловство врши работи кои се однесуваат на уредување на условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството, односно воспоставување на систем и процедури со цел да се обезбеди усогласеност на националното законодавство од областа на воздухопловството со меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислативата на ЕУ, ИЦАО, ЕЦАЦ, ЈАА/ЕАСА и ЕУРОКОНТРОЛ; ја подготвува и ажурира националната стратегија за развој на воздухопловството; ја реализира политиката на Владата на Република Македонија од областа на воздухопловството; ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството; ја следи реализацијата на склучените Договори од областа на

воздухопловството; редовно ја информира Владата на Република Македонија за правата и обврските кои произлегуваат од склучените Договори;предлага и подготвува закони и подзаконски акти од областа на воздухопловството;предлага мерки и активности за зголемување на нивото на безбедност на воздушниот сообраќај.

Во состав на Секторот се формираат две одделенија:

а)**Одделение за воздухопловна политика** ја подготвува и ажурира националната стратегија за развој на воздухопловството со што ја реализира политиката на Владата на Република Македонија; ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството; предлага и подготвува закони и подзаконски акти од областа на воздухопловството; ја следи реализацијата на склучените Договори од областа на воздухопловството; подготвува информации за правата и обврските кои произлегуваат од склучените Договори;предлага решенија за имплементација и хармонизација на националното законодавство од областа на воздухопловството со меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството.

б)**Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди** ја подготвува и ажурира националната стратегија за развој на воздухопловството во делот на безбедноста во воздушниот сообраќај;предлага мерки и активности за зголемување на нивото на безбедност на воздушниот сообраќај; предлага и подготвува подзаконски акти од областа на воздухопловството кои се однесуваат на безбедноста во воздушниот сообраќај; ги следи безбедносните стандарди во областа на воздухопловството; ја следи реализацијата на склучените договори од областа на воздухопловството; подготвува информации за правата и обврските кои произлегуваат од склучените договори од аспект на примена на воздухопловните стандарди; дава мислење по Националната програма за воздухопловна безбедност, Националната програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност и Националната програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај.

## 12. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА

### Член 16

**Секторот за Европска Унија** врши работи на координација меѓу органот од Владата на Република Македонија надлежен за европските прашања и министерството согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, обврските кои произлегуваат од Акциониот план за Европското партнерство; врши работи кои се однесуваат на следење на директивите и регулативите на ЕУ од надлежност на министерството; врши координација и реализација на проектите од Програмите на ЕУ од обласга на транспортот; врши работи и задачи кои се однесуваат на анализа на спроведувањето на интеграцијата во Европската Унија од аспект на надлежностите на министерството; работи поврзани со градење на институциите-планирање и предлози за реализирање на обуки поврзани со ЕУ.

Во состав на Секторот се формираат четири одделенија:

а) **Одделение за ИПА планирање и подготовка на проектна документација** врши работи и задачи кои се однесуваат на планирање оперативни програми и проекти, подготовка на проектна документација за проектите предвидени во рамките на оперативните програми, а се кофинансирани со средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ –ИПА ;
б) **Одделение за ИПА мониторинг** врши работи кои се однесуваат на мониторинг над имплементација на проектите кофинансирани со средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ – ИПА во рамките на оперативните програми.
в)**Одделение за преговори и интеграција** врши работи и задачи кои се однесуваат на поддршка на преговорите за пристапување; планирање, координација на реализацијата и мониторинг на НПАА (Националната програма за усвојување на правото на ЕУ); имлементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација; подготвителнни активности за вградување на директивите и регулативите на ЕУ во областите од надлежност на министерството, а согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација;
г) **Одделение за имплементација на други меѓународни инвестици** врши работи и задачи кои се однесуваат на мониторинг над имплементација на проекти кои се финансирани од меѓународни финансиски институции;

## 13.СЕКТОР ЗА ПРЕКРШОЦИ

### Член 17

Секторот за прекршоци врши работи кои се однесуваат на водењето на прекршочни постапки по повод поднесените барања за покренување на прекршочна постапка; донесува решенија во врска со поднесените барања; постапува по поднесените тужби до Управниот суд на Република Македонија; ги следи завршените постапки по прекршоците; превзема дејствија за извршување на прекршоците, подготвува документација за наплата на прекршоците и води евиденција на изречените глоби.

Во состав на Секторот се формираат две одделенија:

а) **Одделение за водење на прекршочна постапка** врши работи и задачи што се однесуваат на прием на поднесени барања за покренување на прекршочна постапка; постапува по поднесените барања и по спроведената постапка донесува решенија во врска со поднесените барања за покренување на прекршочна постапка; постапува по поднесени тужби до Управниот суд на Република Македонија;
**б) Одделение за следење на извршување на прекршоците** врши работи и задачи на следење на завршените постапки по прекршоците; превзема дејствија за извршување на прекршоците; подготвува документација за наплата на прекршоците и води евиденција на изречените глоби;

## 15. КАПЕТАНИЈА НА ПРИСТАНИШТА

### Член 18

**Капетанијата на пристаништата** врши работи кои се однесуваат на уредување на односите на учесниците во внатрешната (езерска и речна) пловидба.

Во Капетанијата на пристаништата се формираат две одделенија:

**а)Одделение за внатрешна пловидба** врши технички и стручни работи од обласста на безбедноста на пловидбата; издавање одобренија за користење на пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта; врши упис и бришење на пловни објекти; води регистар на бродови и чамци, води регистар и издава бродски книшки, дозволи за качување, овластувања за вршење работи за соодветно звање на брод и

уверенија за оспособеност за управување со чамец, издава одобренија за доаѓање на странски јахти и чамци, организира спасување на човечки животи и имот во внатрешните води; издава одобренија за вадење на потонати предмети; врши увид во работењето и постапувањето на учесниците во езерската пловидба; вршење инспекциски надзор во водениот сообраќај; преземање управни и други мерки во врска со постапувањето на учесниците во езерскиот сообраќај;

**б) Одделение за логистичка поддршка** врши активности кои се однесуваат на давање логистика на работата на Капетанијата, обединување на работите кои се извршуваат во Капетанијата, ја организира соработката на Капетанијата со министерството, врши организација на обврските на Капетанот, организира прием на делегации од земјата и странство, примање и распоредување на поштата која се однесува на Капетанијата.

## 19. УПРАВА ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

### Член 19

**Управата за сигурност во железничкиот систем:** ги врши следниве работи и задачи: издава потврда за пуштање во употреба на структурните потсистеми кои го сочинуваат железничкиот систем во согласност со закон, врши проверка на системот дека функционира и се одржува во согласност со релевантните основни барања, врши надзор на составните делови на интеропаребилност кои се во согласност со основните барања согласно со закон, издава потврда за пуштање во употреба на ново и значително изменето железничко возило кое сè уште не е во согласност со техничките спецификации за интероперабилност, издава, обновува, дополнува и повлекува сертификат за сигурност и одобрение за сигурност, издадени согласно со закон и проверува дека условите и барањата се исполнети, предлага измени на прописите од областа за сигурноста на железничкиот систем и врши надзор над железничките возила дека се регистрирани во Националниот регистар за железнички возила и дека информациите за сигурност што ги содржи регистарот се точни и ажурирани.

Во состав на Управата се формираат два Сектора и тоа:

**Сектор за сигурност во железничкиот систем**, врши задачи поврзани со обзбедување сигурен превоз на патници и стока.

Во состав на секторот за сигурност се формираат две одделенија:

а)**Одделение за проценка на сигурност во железничкиот систем,**врши разработка и одредување на процена на ризик и методи за процена на ризик, разработка и одредување на методи за оценување на сообразноста на барањата пропишани во сертификатот за сигурност на превозникот и одобрение за сигурност на управителот на инфраструктурата, разработка и одредување на методи на проверка дека структурните подсистеми на железничкиот систем се одржувани и се во функција, во согласност со релевантните основни барања, доколку не се опфатени со техничките спецификации за интероперабилност, ги следи Директивите, Регулативите и административните одредби кои се однесуваат на сигурноста во железничкиот систем.

б) **Одделение за лиценцирање,** врши контрола на доставената докуметација за издавање на нов, обновување и ажурирање/изменување на сертификат за сигурност кој се издава на железнички превозник, издавање на нов, обновување и ажурирање/изменување на одобрение за сигурност кој се издаваат на управител на железничка инфраструктура, издавање, ажурирање и издавање на дупликати на дозвола за управување со железничко возило, води регистер за издадени, обновени, дополнети или повлечени сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз, одобренија за сигурност за управување со железничка инфраструктура и дозволи за управување со железничко возило, како и за издадени дупликати, врши проверка на доставена документација за овластување на лица за вршење на обуки и испити на машиновозачи, подготвува овластување за вршење на обука и испити на машиновозачи, подготвува потребна документација за периодични проверки и/или тестови на машиновозачи, врши континурано следење на Директивите, Регулативите и административните одредби кои се однесуваат на издавање на сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз, одобренија за сигурност за управување со железничка инфраструктура и дава предлози за нивна примена во националното законодавство, решава по жалба поднесена од машиновозач за одлука донесена од превозникот или управителот на инфраструктура, како и работи кои се однесуваат на координирање на работата на секторите; обединување на работите кои се извршуваат во секторите, ја организира меѓународната соработка на Управата; врши организација на обврските на директорот; примање и распоредување на поштата која се однесува на директорот.

**Сектор за инспекциски надзор во железничкиот систем** врши инспекциски надзор над сигурноста на железничкат инфраструктура и железничкиот сообраќај; Секторот врши непосреден увид во придржувањето кон законите и другите прописи за кои е надлежен и се преземаат управни и други мерки согласно законските овластувања;

Во состав на секторот за инспекциски надзор во железничкиот систем се формираат две одделенија:

**а)Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничка инфраструктура** е надлежно за вршење на инспекциски надор над спроведувањето на одредбите од законите и другите прописи од областа на сигурноста на железничката инфраструктура, сигнално-сигурносни системи, комуникациони системи и на електро-технички постројки.
**б) Одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничкиот сообраќај** е надлежно за вршење на инспекциски надор над спроведувањето на одредбите од законите и другите прописи од областа на сигурноста на влеча на возови и возни средства и сигурност на превоз на патници и стока во железницата.

## 20. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

### Одделение за внатрешна ревизија

### Член 20

**Одделението за внатрешна ревизија** организира внатрешна ревизија на целокупното работење на министерството; собира податоци за остварување на внатрешната ревизија; предлага мерки по извршената внатрешна ревизија.

### Одделение за управување со човечки ресурси

### Член 21

**Одделението за управување со човечки ресурси** врши работи од областа на работните односи;одговорноста на државните службеници, следење на оценувањето на државните службеници, следење на кариерата на државните службеници, нивно стручно оспособување и усовршување, потреба од обуки, спроведување на постапки за вработување и мобилност во министерството, правилно и законито остварување на службеничкиот однос, мотивација и меѓучовечки односи, кадровска евиденција, персонална евиденција и следење на работните односи во Министерството во целост;

**Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење**

**Член 22**

**Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење** врши работи кои се однесуваат на изработка на стратешкиот план на Министерството; следење на спроведувањето на целите и резултатите од стратешкиот план; изготвување анализа за постигнати цели и резултати.

## IV.НАЧИН НА РАБОТА

### 1. Раководење

**Член 23**

Со работата на секторите во министерството, раководат раководители на сектори, а во нивно отсуство ги заменуваат помошниците раководители на сектори.

Со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните државни службеници со највисоко звање во одделението, кој ќе го определи раководителот на секторот.

### 2. Програмирање на работата

**Член 24**

Министерството донесува програма за работа која опфаќа период од една година.

Програмата за работа содржи работи и задачи од делокругот на Министерството, утврдени со закон, работи и задачи кои ги врши по Програмата за работана Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија.

За изработка на Програмата за работа на Министерството, потребни податоци и предлози даваат раководителите на секторите и органите во состав на Министерството.

Програмата за работа ја донесува Министерот.

### 3. Колегиум

**Член 25**

За координирање на работата на министерството министерот свикува Колегиум.
Колегиумот расправа по начелни и други прашања од делокругот на министерството и дава мислење на министерот за решавање на тие прашања.
На Колегуим учествуваат: министерот, заменикот на министерот, државниот секретар, државните советници, раководителите на сектори, раководителите на независните организациски единици и директорите на органите во состав на Министерството за транспорт и врски.
Во работата на Колегиум можат да учествуваат и други државни службеници што ќе ги повика министерот.
Со работата на Колегиумот раководи министерот.

### 4. Работни тела

**Член 26**

За ефикасно и компетентно вршење на одредени работи и задачи, Министерот може да формира работна група.
Составот, бројот и задачите на работната група од став 1 на овој член ги утврдува министерот со посебно решение.

### 5. Вршење на работните задачи

**Член 27**

При извршување на работните задачи државните службеници се должни да ја почитуваат хиерархиската поставеност на организациските единици во министерството.

**член 28**

Раководителот на Секторот ги распоредува предметите во секторот и дава насоки и упатства за постапување по истите.
Раководителот на Секторот ги распоредува предметите по правило на раководителите на одделенијата, а во посебни случаи директно на државните службеници во одделенијата.

**член 29**

Секој акт кој се доставува на потпис на Министерот или на раководен државен службеник, го парафира непосредниот изготвувач и раководниот државен службеник на организациската единица.

**член 30**

Државните службеници се должни работните задачи да ги извршуваат законито, стручно, ефикасно и економично, почитувајќи го принципот на независност и одговорност при вршењето на службените задачи.
Државните службеници се должни да бидат сервисно ориентирани кон корисниците на услугите на министерството.

**член 31**

Државните службеници во Министерството се должни да обезбедат извршување на работите и задачите согласно надлежностите на министерството и Програмата за работа на Министерството, според утврдениот обем, квалитет и рокови, како и да извршуваат други задачи и работи поврзани со надлежноста на министерството кои не се предвидени со Програмата за работа, а кои се дадени од страна на Министерот.
Во извршувањето на работите и задачите државните службеници во Министерството меѓусебно соработуваат, разменуваат податоци и информации и едни на други си укажуваат стручна помош и одговорни се за извршување на работите и задачите на министерството во целина.

**член 32**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се применува и објави на огласната табла на Министерството за транспорт и врски по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-1847/2

23.02.2016 година

Скопје

**МИНИСТЕР,**

**ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ**